# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

Број 4 год. XLII
Петок, 18.03.2011
Битола

www.bitola.gov.mk

e-mail:bitola@t-home.mk


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Заклучокот за констатирање престанок на мандатот на член на Советот на Општината Битола

1. Го објавувам Заклучокот за констатирање престанок на мандатот на член на Советот на Општината Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/1 — ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2011 год. — на Општината Битола,
Б и т о л а — Владимир Талески

Врз основа на член 46 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р Македонија“ бр. 05/02), а во врска со член 38 и 39 од Деловникот на Советот на Општината Битола („Сл. гласник на Општинта Битола“ бр. 15/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2011 година, донесе

### З А К Л У Ч О К
### за констатирање престанок на мандатот на член на Советот на Општината Битола

1. Се констатира престанок на мандатот на Михајло Џолонга од член на Советот на Општината Битола, поради поднесена писмена оставка, сметано од 01.03.2011 година.

2. Заклучокот ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-508/3 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2011 г. — на Советот на Општината Битола
Б и т о л а — Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Заклучокот за прифаќање Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2010 година

1. Го објавувам Заклучокот за прифаќање Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2010 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04 и 156/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 15.03.2011 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за прифаќање Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2010 година

1. СЕ ПРИФАЌА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-508/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Завршната сметка на Буџетот на Општината Битола за 2010 година

1. Ја објавувам Завршната сметка на Буџетот на Општината Битола за 2010 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/2002) и член 36 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 15. 03. 2011 година, донесе

# З А В Р Ш Н А С М Е Т К А
# НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2010 ГОДИНА

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2010 година се состои од:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|

**– Вкупно приходи 1.261.679.529,00 денари 1.150.421.267,00 денари**

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 323.768.363,00 денари | 260.689.798,00 денари |
| Неданочни приходи | 21.050.000,00 денари | 21.185.545,00 денари |
| Капитални приходи | 16.028.609,00 денари | 12.635.537,00 денари |
| Трансфери | 180.575.833,00 денари | 180.575.834,00 денари |
| Дотации | 610.652.009,00 денари | 610.590.105,00 денари |
| Приходи од самофинансирачки активности | 82.466.895,00 денари | 48.735.592,00 денари |
| Донации | 27.137.820,00 денари | 16.008.857,00 денари |
| Пренесено салдо од 2009 година | 170.840.897,00 денари | |

**– Вкупно расходи 1.261.679.529,00 денари 1.069.329.959,00 денари**

| | | |
|---|---|---|
| Утврдени намени | 1.260.309.529,00 денари | 1.068.867.476,00 денари |
| Резерви | 1.370.000,00 денари | 462.483,00 денари |

**– Салдо на 31-12-2010 година 81.091.308,00 денари**

**Член 2**

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основниот буџет во износ од **58.384.753,00 денари** се пренесува како приход на основниот буџет на Општина Битола за 2011 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на дотации во износ од **11.564.801,00 денари** се пренесува како приход на буџетот на наменски дотации на Општина Битола за 2011 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинансирачки активности во износ од **7.959.856,00 денари** се пренесува како приход на буџетот на самофинансирачки активности на Општина Битола за 2011 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на донации во износ од **3.181.898,00 денари** се пренесува како приход на буџетот на донации на Општина Битола за 2011 година.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи и приливи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи и одливи по основни намени се искажани во Билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2010 година и тоа:

## Биланс на приходи по завршна сметка

| Кат. / Ставка | О П И С | Буџет План | Буџет Реализација | Самофинан.актив. План | Самофинан.актив. Реализација | Донации План | Донации Реализација | Дотации План | Дотации Реализација | Кредити План | Кредити Реализација | Останува за реализ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 541.422.805 | 475.086.713 | 82.466.895 | 48.735.592 | 27.137.820 | 16.008.857 | 610.652.009 | 610.590.105 | 0 | 0 | 111.258.264 |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **323.768.363** | **260.689.798** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.046.070** | **0** | **0** | **60.032.496** |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 14.660.000 | 14.241.497 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.046.070 | 0 | 0 | -2.627.567 |
| 712 | Придонеси за социјално осигурување | 10.000 | -1.200 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.200 |
| 713 | Даноци на имот | 127.200.000 | 110.916.770 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16.283.231 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 155.253.211 | 123.825.575 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 31.427.637 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 26.645.152 | 11.707.157 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14.937.996 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **21.050.000** | **21.185.545** | **74.706.210** | **41.173.347** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **33.397.319** |
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 0 | 0 | 8.000 | 8.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 2.500.000 | 2.409.707 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 90.294 |
| 723 | Такси и надоместоци | 5.050.000 | 6.998.511 | 68.893.675 | 37.535.011 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 29.410.154 |
| 724 | Други владини услуги | 1.500.000 | 901.873 | 29.300 | 29.300 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 598.128 |
| 725 | Други неданочни приходи | 12.000.000 | 10.875.455 | 5.775.235 | 3.601.036 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.298.744 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **16.028.609** | **12.635.537** | **200.000** | **20.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.573.072** |
| 731 | Продажба на капитални средства | 0 | 0 | 200.000 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 180.000 |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 16.028.609 | 12.635.537 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.393.072 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **180.575.833** | **180.575.834** | **7.560.685** | **7.542.245** | **27.137.820** | **16.008.857** | **610.652.009** | **607.544.035** | **0** | **0** | **14.255.378** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 180.575.833 | 180.575.834 | 7.560.685 | 7.542.245 | 18.622.740 | 5.937.853 | 610.652.009 | 607.544.035 | 0 | 0 | 15.811.302 |
| 742 | Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.515.080 | 10.071.004 | 0 | 0 | 0 | 0 | -1.555.924 |

# Биланс на расходи по завршна сметка

| Кат. Ставка | О П И С | Буџет План | Буџет Реализација | Самофинан.актив. План | Самофинан.актив. Реализација | Донации План | Донации Реализација | Дотации План | Дотации Реализација | Кредити План | Кредити Реализација | Останува за реализ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 541.422.805 | 416.701.960 | 82.466.895 | 40.775.736 | 27.137.820 | 12.826.959 | 610.652.009 | 599.025.304 | 0 | 0 | 192.349.571 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **49.156.254** | **46.625.195** | **4.354.021** | **3.148.675** | **0** | **0** | **496.633.966** | **488.921.486** | **0** | **0** | **11.448.886** |
| 401 | Основни плати | 30.864.800 | 29.333.984 | 3.251.763 | 2.291.957 | 0 | 0 | 361.237.058 | 355.795.439 | 0 | 0 | 7.932.242 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 11.677.034 | 10.676.791 | 1.100.598 | 856.718 | 0 | 0 | 135.396.908 | 133.126.047 | 0 | 0 | 3.514.984 |
| 403 | Останати придонеси од плати | 0 | 0 | 1.660 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.660 |
| 404 | Надоместоци | 6.614.420 | 6.614.420 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **1.370.000** | **462.483** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **907.517** |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 870.000 | 462.483 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 407.517 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **159.036.100** | **140.907.120** | **70.374.924** | **34.342.185** | **4.519.073** | **435.236** | **103.232.715** | **100.085.702** | **0** | **0** | **61.392.570** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 3.107.000 | 1.392.378 | 1.993.980 | 500.619 | 70.725 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.278.709 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 44.500.000 | 42.000.444 | 6.533.935 | 2.917.274 | 0 | 0 | 40.144.918 | 38.828.679 | 0 | 0 | 7.432.457 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 7.969.600 | 6.784.153 | 28.424.940 | 15.836.000 | 3.650 | 3.650 | 10.762.337 | 10.354.804 | 0 | 0 | 14.181.921 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 51.089.500 | 46.674.028 | 10.756.296 | 3.525.260 | 0 | 0 | 9.261.246 | 9.072.257 | 0 | 0 | 11.835.498 |
| 425 | Договорни услуги | 22.630.000 | 15.427.370 | 15.909.535 | 7.440.871 | 4.375.698 | 362.586 | 39.504.214 | 39.169.599 | 0 | 0 | 20.019.023 |
| 426 | Други тековни расходи | 20.140.000 | 19.310.942 | 4.506.238 | 2.387.672 | 69.000 | 69.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.947.624 |
| 427 | Привремени вработувања | 9.600.000 | 9.317.806 | 2.250.000 | 1.734.491 | 0 | 0 | 3.560.000 | 2.660.363 | 0 | 0 | 1.697.340 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **24.422.765** | **23.556.264** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **866.502** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 8.800.000 | 8.451.191 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 348.809 |
| 464 | Разни трансфери | 14.352.765 | 13.973.778 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 378.988 |
| 465 | Исплата по извршни исправи | 1.270.000 | 1.131.295 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 138.705 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **3.000.000** | **2.150.640** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **849.360** |
| 471 | Социјални надоместоци | 3.000.000 | 2.150.640 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 849.360 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **304.437.686** | **203.000.259** | **7.737.950** | **3.284.876** | **22.618.747** | **12.391.723** | **10.785.329** | **10.018.117** | **0** | **0** | **116.884.737** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 3.219.577 | 2.316.051 | 2.897.950 | 1.676.912 | 0 | 0 | 8.707.858 | 8.392.525 | 0 | 0 | 2.439.897 |
| 481 | Градежни објекти | 0 | 0 | 1.100.000 | 96.610 | 0 | 0 | 2.077.471 | 1.625.592 | 0 | 0 | 1.455.269 |
| 482 | Други градежни објекти | 290.095.233 | 189.939.728 | 360.000 | 0 | 22.618.747 | 12.391.723 | 0 | 0 | 0 | 0 | 110.742.530 |
| 483 | Купување на мебел | 200.000 | 143.343 | 693.000 | 28.695 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 720.962 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 10.922.876 | 10.601.137 | 527.000 | 357.054 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 491.685 |
| 486 | Купување на возила | 0 | 0 | 2.160.000 | 1.125.605 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.034.395 |

**Член 4**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2010 година се прикажуваат расходите по програми, по сметки и ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2010 година се објавува во Службениот гласник на Општина Битола.

Бр.07-508/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за усвојување Годишниот извештај на Општината Битола за 2010 година

1. Го објавувам Решението за усвојување Годишниот извештај на Општината Битола за 2010 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 156/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола (“Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 15.03.2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за усвојување Годишниот извештај на Општината Битола за 2010 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај на Општината Битола за 2010 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-508/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за определување висината на благајнички максимум

1. Ја објавувам Одлуката за определување висината на благајнички максимум, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/2002 година), член 70 од Статутот на Општината Битола (Службен гласник на Општина Битола бр.10/2005 година), и член 7а од Законот за платен промет („Службен весник на РМ“ 32/01, 50/01, 52/01, 103/01,

37/02, 41/02, 61/02, 42/03 и 13/06), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## за определување висината на благајнички максимум

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува висината на благајничкиот максимум што може да се подигни и држи во готови пари.

**Член 2**

Висината на благајничкиот максимум на готови пари кој може да се држи во благајната изнесува до 100.000,оо денари.

Висината на благајничкиот максимум на готови пари кој може да се држи во благајната во девизни средства изнесува до

– 3.000 АО евра
– 3.000 ЕО евра
– 3.000 ДО евра

Висината на бонови за гориво која може да се држи во благајната изнесува 200.000 денари.

**Член 3**

Средствата од благајничкиот максимум може да се користат за плаќање на производи и услуги кои поединечно не може да бидат повеќе од 6.000,00 денари.

**Член 4**

Условите и начинот на наплата како и располагањето и плаќањето со пари ќе биде согласно Упатсвото донесено од страна на Министерот за финансии.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-508/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за донесување на ДУП за Централно Градско Подрачје 3 дел - Блок 14“- Битола

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на ДУП за Централно Градско Подрачје 3 дел - Блок 14“- Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/2010 и 18/2011) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 15.03.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на ДУП за Централно Градско Подрачје 3 дел - Блок 14“- Битола

**Член 1**

Се донесува Одлука за донесување на ДУП за „Централно Градско Подрачје 3 дел-Блок 14“ - Битола

**Член 2**

Границите на ДУП за „Централно Градско Подрачје 3 дел, Блок 14“ Битола се: на североисток се граничи со дел од улицата „Маршал Тито“ од југозапад се граничи со улицата „29-ти Ноември“ и од северозапад се граничи со ул. „Кирил и Методиј“ каде се затвора границата на опфатот кон улица „Маршал Тито“

Опфатот на овој Урбанистички План има површина од 1.3 ха

**Член 3**

ДУП за „Централно Градско Подрачје 3 дел–Блок 14“ Битола се состои од текстуален и графички дел кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

ДУП за „Централно Градско Подрачје 3 дел–Блок 14“ Битола се заверува со потпис и печат од донесителот на планот.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-508/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Четврт „Монопол“ Блок 1 и 2 Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Четврт „Монопол“ Блок 1 и 2 Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 11, 17, 17-а став 1 и 2 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/2010 и 18/2011) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Четврт „Монопол“ Блок 1 и 2 Битола

**Член 1**

СЕ ОТПОЧНУВА постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Четврт „Монопол“ Блок 1 и 2 Битола.

Границите на овој ДУП се: на север–северна граница на КП Бр. 547 и 548, на запад осовина на улицата „Крсте Нале“ и продолжува по осовината на улицата „Владимир Назор“ (магистрален пат М 106), на исток осовина на собирната улица планирана по ГУП, а на југ го прати преминот на железничката пруга (пресек со улицата кај Водостопанство).

Опфатот на вака предложениот План има приближно површина од 16.55 ха.

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за Четврт „Монопол“ Блок 1 и 2 Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-508/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување

**кон изработка и донесување на ДУП за „Станбена заедница Бр. 4 и 2 Реонски центар Запад“ Блок 1 Битола**

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Станбена заедница Бр. 4 и 2 Реонски центар Запад“ Блок 1 Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 11, 17, 17-а став 1 и 2 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/2010 и 18/2011) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Станбена заедница Бр. 4 и 2 Реонски центар Запад“ Блок 1 Битола

### Член 1

СЕ ОТПОЧНУВА постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Станбена заедница бр. 4 и 2 Реонски центар Запад“ Блок 1 Битола.

Границите на овој ДУП се: на север осовина на ул. „Борис Кидриќ“ на исток осовина на дел од ул. „Михајло Андоновски“ на југ осовина на планирани колски и пешачки пристапи во Реонскиот Центар до пресек со осовина на ул. „Васко Карангелевски“ и запад осовина на дел од ул. „Васко Карангелевски“.

Опфатот на вака предложениот План има приближно површина од 4,8 ха.

### Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за „Станбена заедница Бр. 4 и 2 Реонски центар Запад„ Блок 1 Битола ќе го врши подносителот на иницијативата.

### Член 3

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Станбена заедница бр. 4 – Урбан Модул 1“ Битола, бр. 07-939/10 од 04.05.2006 г.

### Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-508/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Станбена заедница Даме Груев“ Блок 17 - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Станбена заедница Даме Груев“ Блок 17 Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 11, 17, 17-а став 1 и 2 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/2010 и 18/2011) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Станбена заедница Даме Груев“ Блок 17 - Битола

**Член 1**

СЕ ОТПОЧНУВА постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Станбена заедница Даме Груев“ Блок 17 – Битола.

Границата на овој ДУП започнува од пресекот на улиците „Прилепска“ и „Гоце Делчев“ се движи по осовина на ул. „Прилепска“ до пресек со осовина на ул. „Наум Наумовски Борче“ продолжува по осовина на ул. „Наум Наумовски Борче“ (согласно ДУП за МЗ „Даме Груев“-Блок 18) до пресек со осовина на ул. „Ѓорче Петров“ продолжува по осовина на ул. „Ѓорче Петров“ до пресек со ул. „Гоце Делчев“ се движи по осовина на ул. „Гоце Делчев“ и завршува во почетната точка.

Опфатот на вака предложениот План има приближно површина од 3.7 ха.

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за „Станбена заедница Даме Груев“ Блок 17 - Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-508/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Спортско рекреативен комплекс - Св. Арангел, м.в. Довлеџик-Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Спортско рекреативен комплекс – Св. Арангел, м.в. Довлеџик-Битола донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 11, 17, 17-а став 1 и 2 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/2005,137/2007, 91/2009, 124/2010 и 18/2011) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Спортско рекреативен комплекс - Св. Арангел, м.в. Довлеџик-Битола

**Член 1**

СЕ ОТПОЧНУВА постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Спортско рекреативен комплекс – Св. Арангел, м.в. Довлеџик-Битола.

Границата на планскиот опфат на овој ДУП се поклопува со границата на намен-

ската зона (спортски терени) согласно ГУП на град Битола.

Опфатот на вака предложениот Детален урбанистички план има приближно површина од 16.00 ха.

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за Спортско рекреативен комплекс – Св. Арангел, м.в. Довлеџик-Битола ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-508/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Органот за надзор во Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Мајски Цвет“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и менување членови во Органот за надзор во Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Мајски Цвет“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за установите („Сл. Весник на РМ“ бр. 32/05) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување членови во Органот за надзор во Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Мајски Цвет“ Битола

1. Од Органот за надзор во Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Мајски Цвет“ Битола се разрешуваат: Вида Стојанова, Марика Кожовска и Билјана Ташевска,

2. Се именуваат:
- Димитар Аневски, дипл.економист, ул. „Атанас Трпчевски“ бр. 22,
- Марија Стојановска, м-р по економски науки, од Битола, ул. „Елпида Карамандиˮ бр. 2 и
- Билјана Ивановска, дипл.економист, ул. „Лавчански пат“ бр. 1 Битола.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-508/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола, донесено на сед-

ницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола (“Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 15.03.2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола

1. Од Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола, се разрешува Сања Стаматова, а на нејзино место се именува Вера Веловска, дипл.економист, од Битола, ул. „Киро Дандаро“ бр. 7.

2. Решението влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-508/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Ракометниот клуб „ПЕЛИСТЕР 08“ - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Ракометниот клуб „ПЕЛИСТЕР 08“ - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 4 од Одлуката за определување на критериуми за одредување на финнсиска помош од Буџетот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 15/08) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Ракометниот клуб „ПЕЛИСТЕР 08“ - Битола

### Член 1

На Ракометниот клуб „ПЕЛИСТЕР 08“ - Битола му се доделуваат 350.000 денари од Буџетот на Општината Битола, за реализирање на програмски активности.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-508/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на

**Општината Битола на Општинската организација на Црвен крст - Битола**

1. Ја објавувам Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Општинската организација на Црвен крст - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2011 год. на Општината Битола,
Битола Владимир Талески

Врз основа на член 4 од Одлуката за определување на критериуми за одредување на финнсиска помош од Буџетот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 15/08) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Општинската организација на Црвен крст - Битола

### Член 1

На Општинската организација нс Црвен крст - Битола му се доделуваат 100.000 денари од Буџетот на Општината Битола, за реализирање на програмски активности.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-508/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2011 г. на Советот на Општината Битола
Битола Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на НУ Центар за култура - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на НУ Центар за култура - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 15.03.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2011 год. на Општината Битола,
Битола Владимир Талески

Врз основа на член 4 од Одлуката за определување на критериуми за одредување на финнсиска помош од Буџетот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 15/08) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.03.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на НУ Центар за култура - Битола

### Член 1

На НУ Центар за култура - Битола му се доделуваат 200.000 денари од Буџетот на Општината Битола, за реализирање на програмски активности.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-508/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.03.2011 г. на Советот на Општината Битола
Битола Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ ,, 5/02, и член 128 и 132 од Законот за основно образование, (,,Службен весник на РМ,, 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09 и 33/10) Градоначалникот на Општината Битола донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за избор на Директор на Основно училиште,, Елпида Караманди,, Битола

1. За Директор на ОУ ,,Елпида Караманди,, Битола се избира Илчо Белџигеровски ВСС Факултет за физичка култура и положен испит за директор во училиште.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општината Битола,,

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на основното училиште.
Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во ОУ, Училишниот одбор достави предлог до Градоначалникот – бр.03-32/1 од 15.02.2011 и Записник бр. 02-31/1 од 10.02.2011. со кој предлог за Директор на основното училиште е предложен кандидатот Илчо Белџигеровски ВСС Факултет за физичка култура со положен испит за Директор во училиште кој воедно е и единствен кандидат кој се пријавил по огласот.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 132 од Законот за основно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината по предлог на Училишниот одбор.

Мандатот на Директорот трае 4 години , согласно член 128 од Законот за основно образование.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08-2614/5-2010
24.02.2011.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 100 и 101 б од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ„ 98/00; 17/03; 65/04; 113/05, 98/08, 83/09, 156/09) - Градоначалникот на Општината Битола донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за избор на Директор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Мајски цвет„ Битола

1. За Директор на ЈОУ за деца Детска градинка „Мајски цвет„ Битола се избира **Лидија Митревска ВСС VII/1 Дипломиран правник** .

2. Мандатот на Директорот трае 4 години

3. Решението да се достави до сите пријавени кандидати на јавниот оглас.

4. Решението влегува во сила по неговата конечност кога и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот одбор на ЈОУ за деца Детска градинка „Мајски цвет„ распиша јавен оглас за избор на Директор на установата.
Установата достави допис бр. 03-625/1 од 24.12.2010 до Градоначалникот, во прилог со Одлука од Управниот одбор бр. 02-623/1 од 23.12.2010.со која Одлука за кандидат за избор за Директор се утврдува и се предлага Лидија Митревска досегашен ВД Директор на установата.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс. Согласно член 100 и 101 б од Законот за заштита на децата Градоначалникот на Општината го избира Директорот на ЈОУ .

Мандатот на Директорот трае 4 години.
Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение кандидатите кои не се избрани во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението, имаат право на жалба во однос на спроведување на постапката за избор на Директор **која жалба се доставува преку Градоначалникот на Општината до Второстепената комисија на Владата на РМ надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.**

Бр. 08-2180/6-2010
03.01.2011.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
Владимир Талески

# С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за констатирање престанок на мандатот на член на Советот на Општината Битола .................................... 73

З А К Л У Ч О К за прифаќање Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2010 година.................................. 74

З А В Р Ш Н А С М Е Т К А на буџетот на Општина Битола за 2010 година .................. 75

Р Е Ш Е Н И Е за усвојување Годишниот извештај на Општината Битола за 2010 година ........................................................... 78

О Д Л У К А за определување висината на благајнички максимум .................................. 79

О Д Л У К А за донесување на ДУП за Централно Градско Подрачје 3 дел - Блок 14“- Битола ..................................................... 79

О Д Л У К А за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Четврт „Монопол“ Блок 1 и 2 Битола ........................................................... 80

О Д Л У К А за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Станбена заедница Бр. 4 и 2 Реонски центар Запад“ Блок 1 Битола .......... 81

О Д Л У К А за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Станбена заедница Даме Груев“ Блок 17 - Битола ....................... 82

О Д Л У К А за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Спортско рекреативен комплекс – Св. Арангел, м.в. Довлеџик-Битола........... 82

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Органот за надзор во Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Мајски Цвет“ Битола ....... 83

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола .................................. 84

О Д Л У К А за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Ракометниот клуб „ПЕЛИСТЕР 08“ - Битола ........................................................... 84

О Д Л У К А за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Општинската организација на Црвен крст - Битола ........................................................... 85

О Д Л У К А за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на НУ Центар за култура - Битола .................... 85

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Основното училиште „Елпида Караманди“ Битола ........................................................... 86

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Мајски цвет“ Битола......................... 87

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211